**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Скопје, 10.06.2025 година**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20 и 208/24), член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25), Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на ден 10.06.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/5 од 02.11.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/8 од 06.12.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1156/1 од 10.09.2024 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1156/1 од 10.09.2024 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-468/3 од 05.03.2025 година, и тоа:

Член 2

Во дел IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ, во член 14 во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 2. Државен советник за односи за корисници, потенцијални корисници, маркетинг и комуникација, со шифра УПР 01 01 Б01 000, во делот Вид на образование зборовите: "Инженерство и технологија - Електрично инженерство, електронско инженерство, информатичко инженерство" се менуваат и гласат: „Општествени науки – Економија и бизнис".

Член 3

Во дел IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ, во член 14 во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 7. Помошник раководител на сектор за општи работи, со шифра УПР 01 01 Б03 000, во делот Вид на образование зборовите: "Високо образование" се менуваат и гласат: „Општествени науки – Економија и бизнис".

Член 4

Во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 2. Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки, кај работното место под реден број 12. Самостоен референт за архивско и канцелариско работење, со шифра УПР 01 01 Г01 000, во делот Вид на образование, по зборот "средно стручно образование", се додаваат зборовите "(економски или правен техничар).

Член 5

Во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 2. Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки, кај работното место под реден број 19. Помлад соработник за административни работи, со шифра УПР 01 01 В04 000, во делот Вид на образование, по зборовите "Општествени науки" се додаваат зборовите: „- Економија и бизнис, право или политички науки (јавна администрација).

Член 6

Во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 2. Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки, кај работното место под реден број 24. Помлад соработник за административна поддршка на одделението, со шифра УПР 01 01 В04 000, во делот Назив на работно место зборовите "Помлад соработник за административна поддршка на одделението" се менуваат и гласат: "Помлад соработник за административни работи".

Член 7

Во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 4. Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош, кај работното место под реден број 47. Раководител на Одделение за анализа на државна помош, со шифра УПР 01 01 Б04 000, во делот Вид на образование, зборовите "Општествени науки - Економија и бизнис или други општествени науки (јавна управа и администрација)" се менуваат и гласат: "Општествени науки - Економија и бизнис или Право".

Член 8

Во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 4. Сектор за маркетинг и комуникации, кај работното место под реден број 63. Помошник раководител на сектор за маркетинг и комуникација, со шифра УПР 01 01 Б03 000, во делот Вид на образование, зборовите "или медиуми и комуникации" се бришат.

Член 9

Во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 5. Сектор за маркетинг и комуникација, кај работното место под реден број 68. Помлад соработник за административна поддршка на одделението, со шифра УПР 01 01 В04" 000, во делот Вид на образование зборовите: "Општествени науки -Економија и бизнис, медиуми и комуникации или други општствени науки", се менуваат и гласат: " Општествени науки -Економија и бизнис".

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Директор
Д-р Гоце Димовски

---------------------------------